**Триглав Осигурување АД**
бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје

triglav

# Посебни услови за осигурување пастрмки



## член 1: предмет на осигурување

[1] Предмет на осигурување по овие Посебни услови може да бидат здрави пастрмки со најмала должина од 10 см. Пастрмките треба да се чуваат во посебно изградени објекти (базени), кои служат за одгој и гоење за комерцијална намена.

[2] Осигуреникот треба да ги осигури сите риби пастрмки способни за осигурување наменети за одгледување или гоење.

## член 2: осигурени опасности

[1] Осигурувачот има обврска да надомести штети настанати како последица на пцовисување на пастрмките од:

1) органски болести;
2) паразитози;
3) болести од непознати етиологии;
4) труење од храна, хемикалии и отпадни води;
5) задушување поради замрзнување на водата, како и од заматување на водата.

Како задушување во смисла на овие Посебни услови се смета задушување на пастрмките кое настанало во базените поради недостиг на потребна количина на кислород во водата, при заматување на водата, потоа поради замрзнување на водата до тој степен што пастрмките не можеле да се спасат.

Не се смета како ризик за задушување во смисла на овие Посебни услови ако дојде до умирање на пастрмките како последица на нивно чување во поголем број од договореното производство.

[2] Ако е посебно договорен ризик и ако е платена дополнителна премија, осигурувачот надоместува и штета која ќе настане поради бегање на пастрмките од базените поради поплава и порои.

## член 3: опасности кои не се опфатени со осигурувањето

[1] Осигурувачот нема обврска да надоместува штета која ќе настане во случај на:

1) земјотрес, нуклеарна експлозија и радиоактивна контаминација, воени дејства и други акции;
2) задушување на пастрмките настанато како последица на намерно испуштање на вода од базените-рибниците;
3) селекција на пастрмките која се врши поради лош физички изглед и разни оштетувања, поради што треба да бидат отстранети од објектите;
4) уништување на пастрмките од одредени причини кога тоа ќе го нареди надлежен орган, инспекција, поради спроведување на мерки за спречување, сузбивање и искоренување на заразни болести;
5) недоволна и неправилна исхрана, како и исхрана со штетна храна која не е во согласност со прописите за производство и промет на сточна храна по вина на осигуреникот;
6) ненавремено лекување и спроведување на ветеринарно-санитарни мерки;
7) небрежност на осигуреникот или лицето на кое му е доверена грижата за пастрмките;
8) умирање на пастрмките како последица на неисполнување на ветеринарно-санитарни мерки за спречување, сузбивање и искоренување на заразни болести предвидени со законски прописи или прописи донесени врз основа на закон;
9) бегање на пастрмки од базените (рибниците) поради поплава или порои, доколку не е поинаку договорено;
10) за време на транспорт со превозни средства;
11) штети настанати од птици грабливки.

## член 4: сума на осигурување

[1] Сумата на осигурување се пресметува така што вкупната тежина на осигурените пастрмки која се очекува на крајот од периодот на осигурувањето се помножува со откупната цена по килограм. Цената за еден килограм не може да биде поголема од пазарната цена.

## член 5: пресметка на премијата

[1] Пастрмките во посебниот процес на одгледување или гоење се осигурени со полн износ врз основа на:

а) реалната тежина на пастрмките добиена така што на секои 2 до 4 недели кај 100 риби ја одредуваме средната тежина и ја множиме со бројот на рибите во базенот;

б) договорени цени за килограм жива мера, односно пазарна цена ако договорената цена е повисока од пазарната.

[2] При склучување на осигурувањето се издава основна полиса врз основа на предвидениот број и тежината на пастрмките во тековната година или врз основа на податоците од претходна година, и се пресметува годишната премија која осигуреникот треба да ја плати при склучување на осигурувањето.

## член 6: место на осигурување

[1] Место на осигурувањето е објектот – базенот во кој се наоѓаат пастрмките – кое во полисата е наведено како место на осигурување.

## член 7: обврски на осигуреникот

[1] Осигуреникот треба да води точна евиденција од која треба да се гледаат: денот кога е почнато гоењето на пастрмките, бројот, должината и тежината на пастрмките, дневната и месечната тежина на рибите и бројот на пастрмките во поединечен објект – базен, дневното и месечното пцовисување, продадените пастрмки и сл.

Осигурувачот го задржува правото на увид во таквата евиденција, како и пристап во објектот за времетраење на осигурувањето.

Податоците за тежината на пастрмките за претходниот месец осигуреникот треба да ги достави до осигурувачот најдоцна до 10-ти во тековниот месец.

Одгледувалиштето на риби треба да ги има следните податоци:

1) ознака на базенот;
2) број и тежина на пастрмките дневно/месечно;
3) број и тежина на пастрмките кои без разлика на причината се отстранети од објектот – базенот;
4) книга за температура на водата и воздухот;
5) книга со податоци за присуство на кислород во водата;
6) книга со податоци за исхраната;
7) книга со податоци за употребата на лекови, лекувања и анализи;

8) евиденција за хемиските анализи на водата, труење и загадувања.

## член 8: почеток и престанок на обврската на осигурувачот

[1] Обврската на осигурувачот во поглед на надоместување на штетата по основа на осигурувањето почнува во 24:00 часот на 15-тиот ден од денот кој во полисата е назначен како почеток на осигурувањето, ако на тој ден е платена премијата, доколку не е поинаку договорено.
[2] Обврската на осигурувачот во поглед на надоместување на штетата престанува во 24:00 часот на денот кој во полисата е назначен како ден на истек на осигурувањето, ако не е поинаку договорено.
[3] Ако осигурените пастрмки до 24:00 часот од 15-тиот ден (за времетраење на каренцата) се разболат и не оздрават до истекот на тој рок, каренцата се продолжува за сите пастрмки додека болеста не престане, за што осигуреникот е должен да поднесе ветеринарна потврда дека се здрави.
Каренцата се применува и при појава на труење и задушување на рибите, како и при поплава, односно порои.

## член 9: утврдување и пресметка на штета

[1] Настанатата штета се утврдува на пцовисаните риби.
[2] Настанатите штети ги утврдуваат осигуреникот, претставникот на осигурувачот и ветеринарот. Ако претставникот на осигурувачот не може да присуствува, штетата ја утврдуваат ветеринарот и осигуреникот.
[3] При утврдување на штетата потребно е да се утврдат околностите во кои таа настанала и осигурената вредност. Ветеринарот треба да секцира дел од пцовисаните риби заради утврдување на дијагнозата. При пцовисување на поголем број пастрмки, треба да се пратат примероци на преглед во научна установа заради утврдување на причината за смртта.
[4] Осигуреникот е должен веднаш да го извести осигурувачот доколку во поединечен базен бројот на пцовисани пастрмки надминува 25 кг за помал, а 50 кг за поголем базен.
[5] Осигуреникот е должен до 10-ти во месецот на осигурувачот да му достави за претходниот месец список со евиденција на пцовисани риби, од кој се гледаат податоци по денови и месечно, како и дијагноза на болеста поради која рибите пцовисале. Ако осигуреникот по своја вина не ја пријави штетата во горенаведниот рок, осигурувачот може да ја одбие исплатата на штетата.
[6] Сите трошоци во врска со лекувањето на разболените пастрмки, трошоците за праќање на материјали (пастрмки и вода) на бактериолошко и токсиколошко испитување, превозот и закопувањето или уништувањето на разболените пастрмки, издавањето на потребни документи и ветеринарни извештаи за болеста и пцовисувањето паѓаат на товар на осигуреникот.
[7] Надомест од осигурување се пресметува врз основа на договорената цена по килограм жива мера, а врз основа на остварената тежина на денот на настанување на штетата.
[8] Ако во случај на штета се утврди дека осигуреникот има поголема количина на пастрмки од количината која е осигурена, штетата се пресметува сразмерно меѓу осигурената количина и количината на пастрмките која е утврдена на денот на штетата.

## член 10: заштитни мерки и обврски на осигуреникот во случај на незгода и болест

[1] Осигуреникот е должен во објектите (базените и рибниците) да ги спроведе сите пропишани заштитни и превентивни мерки против заразни, одгледувачки и паразитни болести кај пастрмките.
[2] Осигуреникот треба да обезбеди постојана ветеринарна контрола на осигурените пастрмки, а во случај на заболување или незгода, да ги почитува упатствата на ветеринарот и да ги преземе сите потребни мерки за спречување, односно намалување на штетата.
[3] Ако осигуреникот ги прекршува горенаведените обврски, осигурувачот нема никаква обврска за исплата на штета, ако истата настанала како последица од непридржување кон наведените мерки.

## член 11: примена на општите услови за осигурување животни

[1] За осигурувања склучени по овие Посебни услови се применуваат и одредбите од Општите услови за осигурување животни, ако не се во спротивност со нив.
[2] Овие Услови влегуваат во сила со денот на донесувањето.
[3] Со влегување во сила на овие Услови престануваат да важат Посебните услови за осигурување на пастрмки од 28.06.2002 година.